ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА, во совет составен од судиите Андроники Настевска- претседател на советот, Мери Радевска и Кирил Тасевски членови со записничарот Еленица Петковска- советник во кривичните предмети на овој суд против осудениот Јован Вранишковски од Битола , К бр. 447/03 а за кривично дело „самовластие „ од чл. 392 ст. 2 од КЗ и К бр. 22/04 за кривично дела „предизвикување национална расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост , од чл. 319 ст. 1 од КЗ, решавајки по предлогот на ОЈО Битола, РО бр. 102/05 од 5.7.2005 година, за отповикување на условната осуда по правосилната пресуда К бр. 447/03 од 31.10.2003 година, на одржаната нејавна седница по советувањето и гласањето на ден 09.09 .2005 година донесе :

П Р Е С У Д А

I

СЕ ОТПОВИКУВА условната осуда изречена со правосилна пресуда на овој суд К бр. 447/03 од 31.10.2003 година, против обвинетиот Јован Вранишковски од Битола со лични податоци наведени во истата, а за криивчно дело самовластие од чл. 392 ст. 2 од КЗ, согласно чл. 52 ст. 1 од КЗ.

I I

Согласно чл. 51 ст. 3 од КЗ, на обвинетиот Јован Вранишковски од Битола :

- За кривичното дело „самовластие „ од чл. 392 ст. 2 од КЗ , по правосилната пресуда К бр. 447/03 од 31.10.2003 година, МУ СЕ УТВРДУВА казна затвор во траење од 1 година.
- за кривичното дело „предизвикување национална , расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост од чл. 319 ст. 1 од КЗ, по правосилната пресуда К бр. 22/04 од 1.7.2004 година МУ СЕ УТВРДУВА казна затвор во траење од 1 година и 6- месеци.

Согласно чл. 44 ст. 2 т. 2 и 3 од КЗ МУ СЕ ИЗРЕКУВА ЕДИНСТВЕНА КАЗНА ЗАТВОР ВО ВРЕМЕ ТРАЕЊЕ од 2- ГОДИНИ И 4- МЕСЕЦИ, која согласно чл. 543 ст. 4 од ЗКП, ќе се изврши.

Времето поминато на издржување на казна затвор да се засмета во единствената казна затвор.

О б р а з л о ж е н и е

ОЈО Битола, до овој суд поднесе предлог РО бр. 102/05 од 5.7.2005 година, условната осуда изречена на осудениот Јован Вранишковски од Битола со правосилна пресуда К бр. 447/03 од 31.10.2003 година, на овој суд да се отповика, со наводи дека се исполнети условите од чл. 52 ст. 1 од КЗ.

Кривичниот совет постапувајки по предлогот на ОЈО Битола, имајки ги и напаствијата на Апелациониот суд Битола, дадени во решение КСЖбр. 70/05 од 5.9.2005 година, по оценка на наводите во предлогот откако изврши увид кон списите кон предметите К бр. 447/03 и К бр. 22/04 на овој суд , најде дека предлогот на ОЈО Битола, за отповикување за условната осуда, по правосилната пресуда, К бр. 447/03 од 31.1о.2003 година, е основан, заради што донесе одлука како во изрекат ана ова пресуда од следнит еопричини:

Имено со правосилна пресуда К бр. 447/03 од 31.10.2003 година, на овој суд , потврдена со пресуда на Апелациониот суд Битола КЖ бр. 92/04 од 17.3.2004 година, Зоран (Јован) Вранишковски огласен е за виновен за кривично дело „ самовластие „ од чл. 392 ст. 2 од КЗ, изречена му е условна осуда и утврдена казна затвор во траење од 1 година, а определена деак истата нема да се изврши ако обвиентиот во рок од 1 година, не стори ново кривично дело.

По правосилнсота на наведената пресуда обвинетиот со правосилна пресуда К бр. 22/04 од 1.7.2004 година, на овој суд огласен е за виновен за кривично дело „ предизвикување национална „ расна, и верска омраза, раздор и нетрпеливост од чл. 319 ст. 1 од КЗ, и осуден на казна затвор во траење од 1 година и 6 месеци.

Од увидот кон списите кон предметот се утврди дека дејствијата на извршување на ова криивчно дело се превземени во периодот од 7.8.2003 година ,месец ноември 2003 година, во текот на месец ноември и почетокот на месец декември 2003 година и на ден 11.1.2004 година пред да биде условно осуден за кривично дело „ самовластие од чл. 392 ст. 2 од КЗ.

Имајки го во предвид изнесеното, околностите кои се однесуваат на сторените кривични дела и на сторителот , а посебно побудите од кои делата се сторени, советот смета дека доколку во времето на судењето се знаело за ова кривично дело , не би имало основа за изрекување на условна осуда, па отука и дека се исполнети условите од чл. 52 ст. 1 од КЗ, заради што на осудениот Јован Вранишковски од Битола, со оваа пресуда му се отповика условната осуда, за наведеното кривично дело а поради порано сторено кривично дело,а

согласно чл. 51, ст. 3 од КЗ, на обвинетиот за кривично дело „ самовластие„ , од чл. 392 ст. 2 по правосилната пресуда на овој суд К бр. 447/03 од 31.10.2003 година, му утврди казна затвор во траење од 1 година, а за кривичното дело „ предизвикување национална , расна и верска омраза , раздор и нетрпеливост “ од чл. 319 ст. 1 од КЗ, по правосилната пресуда на овој суд К бр. 22/04 од 1.7.2004 година, му утврди казна затвор во траење од 1 година и 6 месеци и согласно чл. 44 од КЗ, му изрече единствена казна затвор во време траење од 2 години и 4 месеци , која согласно чл. 543 ст. 4 од ЗКП ќе се изврши,а времето поминато на издржување на казната затвор да се засмета во единствената казна затвор.

При изрекувањето на единствената казна затвор судот ги имаше во предвид сите околности на страната на обвинетиот, утврдени во поранешните постапки а кои влијаеа врз видот и висината кај истиот.Од изнесеното врз основа на наведените законски одредби од чл. 52 ст. 1, и чл. 51 ст. 3 и чл. 44 ст. 2 т. 2 и 3 од КЗ, следуваше да се одлучи како во изреката на ова решение.

Записничар -
Еленица Петковска

Претседател на совет
Судија
Андроники Настевска

ПОУКА: Рок з ажалба 15 дена по приемот преку овој суд до Апелациониот суд Битола.

ДНА: ОЈО Битола, обвинетиот, бранителот ,КП Дом Идризово Скопје .